РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1351/2
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 8 - та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1351/1 од 09.04.2024 година, против лицето ------ ------, Министер за ------ за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што пријавените наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик и не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Предметот со број 12-1351/1 од 09.04.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.04.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за претседателски и парламентарни избори, 2024 година и оформен е предмет број 12-1351/1 од 09.04.2024 година. Во пријавата, подносителот наведува дека пријавениот како носител на јавна функција, т.е министер во период на активна кампања, одржувал

јавен настан за реализација на проект со буџетски средства во присуство на советник од ------ и кандидат за пратеник од ------.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК дека во случајов наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик, од причина што видно од линкот од веб порталот содржан како доказ во пријавата, пријавеното лице дава јавна изјава во својство на носител на јавна функција, во форма на одговор на новинарско прашање.

Врз основа на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk